**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Скопје, 19.05.2008 година

**Заклучоци и препораки од 13.седница на НСП**
одржана на ден 16.05.2008 година

1. **Усвојување на записникот од 12.седница на Националниот Совет за платни системи на Република Македонија.**

Советот го усвои записникот од 12.седница на НСП.

2. **Формирање на работните групи согласно Акциониот план за имплементација на Стратегија за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 година .**

Советот ги потврди номинираните членови во работните групи согласно Акциониот план за имплементација на Стратегија за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 година. Притоа, како координатори на одделните работни групи ги назначи:
- За работната група за поттикнување на нагорни трендови во безготовинските плаќања - преставникот од Министерството за финансии.
- За работната група за електронски кредитни трансфери - преставникот од КИБС АД Скопје.
- За работната група за електронски директни задолжувања - преставникот од Стопанска банка АД Скопје.
- За работната група за платежни картички - преставникот од Комерцијана банка АД Скопје.
- За работната група за кеш - преставникот од Народна банка на Република Македонија.
- За работната група за правна поддршка - преставникот од Министерството за финансии.
- За работната група за поддршка на операции, инфраструктура и стандарди преставникот - од Народна банка на Република Македонија.

НСП ќе ги извести претставниците од одделните институции за нивното назначување за координатори на соодветните работни групи при што ќе достави и насоки за отпочнување со работа во насока на имплементација на Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 година.

Советот позитивно го оцени пројавениот интерес од  Касис АД Скопје за учество со свој претставник во работната група за платежни картички и препорача номинацијата да биде потврдена и доставена до НСП преку Здружението за банкарство и осигурување при Стопанската комора на Македонија во кое членува Касис АД Скопје.

**Народна банка на Република Македонија**
Комплекс банки б.б., 1000 Скопје, Република Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-282
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3122-109
**www.nbrm.gov.mk**

3. **Информација за преземени активности за имплементирање на Стратегија за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 година(писмена или усмена информација од страна на членовите на НПС за досега преземените активности по обврските од Акциониот план даден во прилог).**

Советот ги усвои информациите изнесени од членовите на Советот за превземените активности за имплементирање на Стратегија за развој на платниот систем на Република Македонија до 2011 година, при што констатира дека одредени стратешки насоки веќе се имплементирани, а останатите преставуваат континуирана работа до 2011 година. Советот ја усвои предложената матрица како форма за идно следење на имплементација на Стратегијата.

4. **Информација за престојниот семинар за платни системи и системи за порамнување на хартии од вредност во организација со Централната банка на Холандија 23-26 јуни 2008 година.**

Советот позитивно се изјасни за програмата на семинарот и препорача да се превземат сите неопходни технички и организациони мерки за успешна организација на овој семинар. Советот констатира дека семинарот кој е во рамките на техничката соработка на Народна банка на Република Македонија и Централната банка на Холандија е во склад со точка 4.5 од Стратегијата за развој на платниот систем на Република Македонија (**4.5 Стручно усовршување, меѓународна соработка, конференции, работилници, семинари**).

Емилија Нацевска, с.р.
Вицегувернер
Претседател на
Националниот Совет за Платни Системи